Врз основа на член 77-а, став (1), (2) и (5), член 77-б, член 77-в, став (1), член 77-г и член 77-д од Законот за културата (Службен весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.265/24), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19 и 14/20), член 22 и член 23 од Законот за работните односи (Службен весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и Службен весник на РСМ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 74/25), одредбите од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Службен весник на РМ бр. 34/15, 242/24), одредбите од Правилникот за систематизација на работните места во НУ Центар за култура Крива Паланка со бр. 01-275/3 од 31.08.2020 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работни места со бр. 01-664/3 од 05.11.2025 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работни места со бр. 01-59/1 од 20.02.2026 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работни места со бр. 01-368/1 од 24.07.2026 година, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2026**
**за вработување на 6 (шест) лица на неопределено време**

1. **КУЛ 0304 Ѓ02 005 Библиотекар помошник**, Одделение за културни дејности - (1) извршител;

2. **КУЛ 0304 Г03 001 Соработник за сценско музичка дејност,** Одделение за културни дејности - (1) извршител;

3. **КУЛ 0401 Б01 004 Друг работник за прием на посетители,** Одделение за логистика и одржување - (1) извршител;

4. **КУЛ 0405 А01 001 Техничар на светло**, Одделение за логистика и одржување, - (1) извршител;

5. **КУЛ 0401 А02 006 Одговорен декоратер,** Одделение за логистика и одржување, - (1) извршител;

6. **КУЛ 0401 Б01 002 Билетопродавач,** Одделение за Одделение за логистика и одржување, - (1) извршител;

Покрај доказите за исполнување на општите услови за прием на вработени во Јавен сектор и Законот за култура, кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови согласно Правилникот за систематизација на работните места во НУ Центар за култура Крива Паланка и тоа:

**<u>Општи услови</u>**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**<u>Посебни услови за работно место под реден број 1</u>**

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1степен или завршено средно образование – Средно (гимназиско, правно, културолошко, јазично – книжевно)/Вишо/Високо – хуманистички науки – други хуманистички науки (библиотекарство).
- без работно искуство

**<u>Посебни услови за работно место под реден број 2</u>**

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1степен или завршено средно образование – Средно (музичко)/Хуманистички науки-Уметности(уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика)
- до 1 година работно искуство во струката

**<u>Посебни услови за работно место под реден број 3</u>**

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1степен или завршено средно образование –Средно
- без работно искуство

**<u>Посебни услови за работно место под реден број 4</u>**

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1степен или завршено средно образование – Средно (електро / машинска)
- без работно искуство

**<u>Посебни услови за работно место под реден број 5</u>**

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1степен или завршено средно образование – Средно стручно (конфекционерски техничар)
- без работно искуство

**Посебни услови за работно место под реден број 6**

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1степен или завршено средно образование – Средно (гимназиско)
- без работно искуство

**Распоред на работно време**

- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 08:30 до 16:30

Паричен нето износ на плата за работното место под реден број 1: 42.569,00 денари.
Паричен нето износ на плата за работното место под реден број 2: 46.493,00 денари.
Паричен нето износ на плата за работното место под реден број 3: 36.467,00 денари.
Паричен нето износ на плата за работното место под реден број 4: 49.101,00 денари.
Паричен нето износ на плата за работното место под реден број 5: 44.639,00 денари.
Паричен нето износ на плата за работното место под реден број 6: 36.467,00 денари

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во архивата на НУ Центар за култура Крива Паланка или на веб страната на установата https://nuckkp.mk/. Кандидатите се должни пријавата да ја потполнат во целост, прецизно и со точни податоци. Со пријавата треба да се доставаат потребните документи за исполнување на општите и посебни услови.

**Кандидатите кон пријавата треба да приложат:**

- кратка биографија;
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- доказ за општа здравствена способност за работното место / лекарско уверение (не постаро од 6 месеци);
- доказ / потврда / уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци);
- доказ за завршено образование / диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место;
- доказ за работно искуство/ доколку се бара;

Јавниот оглас трае 15 дена од денот на неговото објавување во дневниот печат.

Пријавата со комплетните документи кандидатите можат да ја достават директно во архивата на НУ Центар за култура Крива Паланка заклучно со последниот ден до 15:00 часот или по пошта во затворен плик со назнака „За јавен оглас за вработување бр. 01/2026“ на адреса на НУ Центар за култура Крива Паланка ул. Св.Јоаким Осоговски 226, 1330 Крива Паланка. Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите (општи и посебни).
При поднесување на пријавата лицето го наведува бројот на работно место за кое се пријавува. Кандидатите се должни да доставaт прецизни и точни податоци. Селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување.

- Лице и телефон за контакт:
  Директор: Сашко Додевски, +389 76 381 000

Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто. Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата. Изборот ќе се изврши во зависност од пријавените кандидати а најдоцна во рок од 45 дена по истекот на рокот за пријавување.
Одлуката за избор на кандидати ќе биде објавена на веб страната на установата, на огласната табла во установата и на електронска адреса која кандидатот ја има напишано во пријавата за вработување, со што ќе се смета дека е извршена достава.

НУ Центар за култура Крива Паланка

Директор,
Сашко Додевски

04/08/2026 година
Крива Паланка